[redacted]

До
Центар за развој на Источен плански регион

[redacted]

Скопје, 26.3.2026 г.

Почитуван Директоре,

Ви се обраќаме **<u>за добивање податоци од јавен карактер</u>** за потребите на проектот [redacted]

Целта на проектот е да се придонесе кон транзиција кон „нула отпад“ општини, преку системско подобрување на управувањето со биоотпадот, со цел намалување на загадувањето и ризиците од пожари на стрништата, во шумите и населбите, зголемување на ефикасноста на ресурсите и поттикнување на циркуларна економија на локално и национално ниво.

Проектните активности започнаа со теренско мапирање на изворите на биоотпад во 4 пилот општини: Берово, Куманово, Кавадарци и Радовиш. Со оглед на тоа што треба да се изработат 4 пред-физибилити студии за третман на биоотпадот во 4-те плански региони, потребни ни се следниве податоци:

<u>1) БРОЈ НА ПРАВНИ СУБЈЕКТИ во Вашиот плански регион од дејностите:</u>

a) Мелничко-пекарска индустрија
b) Производство и преработка на млеко и млечни производи
c) Производство и преработка на месо и месни производи
d) Производство и преработка на зеленчук и овошје
e) Производство на пијалоци
f) Дрвнопреработка
g) Туризам и угостителство

2) <u>БРОЈ И ЛОКАЦИЈА на био-гасни централи во Вашиот плански регион</u>
<u>3) БРОЈ И ЛОКАЦИЈА на компостари во Вашиот плански регион.</u>

[redacted]

Со почит,

[redacted]